EUROPEAN ENDOWMENT FOR DEMOCRACY

ЦЕНТАР за РАЗВОЈ на МЕДИУМИ



ПРЕД НОВАТА ВЛАДА СТАРИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ

Втор квартален извештај од мониторингот на работата на носителите на одлуки, АВМУ и Програмскиот совет на МРТ, за периодот 1 април – 30 јуни 2024 година

ЦЕНТАР за РАЗВОЈ на МЕДИУМИ

EUROPEAN ENDOWMENT FOR DEMOCRACY

ПРЕД НОВАТА ВЛАДА
СТАРИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ

Втор квартален извештај од мониторингот на работата на носителите на одлуки, АВМУ и Програмскиот совет на МРТ, за периодот 1 април – 30 јуни 2024 година

Септември 2024 | Скопје

СОДРЖИНА

ВОВЕД....4

1. НОСИТЕЛИ НА ОДЛУКИ И ПОЛИТИКИ....5
Препораки....6

2. СОВЕТ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО
И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ....7
АВМУ и Изборите 2024....7
Подзаконски акти....8
Извештаи, анализи....9
Јавенсостанок....9
Препораки....10

3. ПРОГРАМСКИ СОВЕТ НА МРТ....11
МРТ и изборите....12
Обвинувања за пристрасност....14
Извештаи и подзаконски акти....15
Препораки....16

ВОВЕД

Центарот за развој на медиуми постојано ја следи состојбата во медиумскиот систем и на медиумската сцена во Република Северна Македонија. Првенствено, следењето ги покрива активностите и работата на двете тела задолжени за спроведување на медиумското законодавство, односно регулаторното тело, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) и Програмскиот совет на МРТ. Исто така, ЦРМ ги следи и соодветните активности на надлежното Министерство за информатичко општество и администрација (МИОА), особено во светло на неговата улога во реформите (или нивното отсуство) на медиумската сцена.

Реформите во медиумскиот сектор во државата, иако одамна препознаени како потреба, никако да почнат. Последниот неуспешен обид го вклучуваше и проектот на ЕУ, фокусиран на хармонизацијата на националното законодавство со правното наследство на ЕУ, но во втората фаза и на сеопфатна реформа на медиумското законодавство во државата.

Овој извештај, подготвен со поддршка на институционален грант од Европскиот фонд за демократија (European Endowment for Democracy – EED), го покрива вториот квартал од годината, односно периодот од 1 април до 30 јуни 2024 година. Периодот покриен со овој извештај го одбележаа Претседателските и Парламентарните избори, односно изборните кампањи и периодот по изборите и разговорите за основање на ново мнозинство во Собранието и новата Влада на Република Северна Македонија.

Поради тоа, немаше никакви поместувања од гледна точка на медиумското законодавство или на процесот на медиумски реформи. Треба да се забележи и одредена резервираност кон новата влада, знаејќи го приодот кон медиумите на ВМРО-ДПМНЕ кога претходно ја имаше власта и кога не штедеше напори за воспоставување на што поцврста контрола врз нивното работење.

1. НОСИТЕЛИ НА ОДЛУКИ И ПОЛИТИКИ

Парламентарните избори 2024 година доведоа до враќање на ВМРО-ДПМНЕ на власт со убедливо мнозинство. Новиот мандатар најави преструктурирање на организациската поставеност на владиниот кабинет со нови министерства. Една од тие промени вклучуваше поделба на дотогашното Министерство за информатичко општество и администрација (МИОА), инаку надлежно за прашања поврзани со медиумите, на две нови министерства – Министерство за дигитална трансформација и Министерство за јавна администрација. Медиумите, со реорганизацијата, сега влегуваат во кругот на надлежности на Министерството за дигитална трансформација.

Пред новото министерство, како и пред Собранието на РМ, како клучни носители на одлуки и политики, стојат два итни и значајни предизвици. Првиот е обновување на никогаш сериозно почнатиот процес на медиумски реформи во делот на медиумското законодавство, политики и стратегии. Последниот неуспешен обид за реформи барем на медиумското законодавство, од кои би произлегле и подоцнежни промени на соодветните политики, предводен од проект на ЕУ, имавме минатата година. Беа изготвени соодветни документи и предлози, но процесот повторно беше прекинат поради претстојните избори, како и поради изборот на власта наместо да оди со сеопфатно решение, приоритет да му се даде на едно парцијално решение што се однесуваше на враќањето на можноста за „државно“ (или владино) рекламирање во радиодифузните медиуми.

Вториот предизвик е конечно да се направи изборот на новите состави на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Програмскиот совет на МРТ. Се работи за двете клучни тела што во голема мера треба да го предводат со идеи, анализи и предлози, процесот на медиумски реформи, барем во областа на аудиовизуелните медиумски услуги и радиодифузијата, и јавната и комерцијалната. Сепак, процесот на избор на нови состави на двете тела доцни веќе пет години (првиот конкурс за избор беше објавен во февруари 2019 година, а според законот целата постапка требаше да заврши најдоцна во мај таа година). По поништувањето на тој конкурс во почетокот на 2021 година, имаше најава дека ќе се распише нов јавен повик, но и таа иницијатива заглави во Собранието, а неколку пати се јавуваа гласини и иницијативи за менување на условот членовите наместо со квалификувано двотретиско мнозинство да бидат бирани со апсолутно мнозинство.

Првичните информации од новото Министерство за дигитална трансформација навестуваат целосно нова медиумска регулатива во чие креирање последниот збор ќе го имаат медиумите, професионалните здруженија, невладиниот сектор и експертите.

Новиот министер за дигитална трансформација Стефан Андоновски, во краткиот период од неговото именување до крајот на кварталот на кој се однесува овој извештај, на средба со новинарите одржана на 28 јуни 2024 година, изјави дека Министерството нема намера да ги регулира медиумите, туку да дава идеи и насоки и да ги собере сите заинтересирани страни преку дијалог да се идентификуваат решенија „што ќе им одговараат на сите страни и (*ќе обезбедат*) минимум стандарди што ќе треба да ги исполнуваат електронските медиуми".

Исто така, во интервју за програмата „360 степени"[1] што се емитува на МРТ, Андоновски додаде дека се надева дека ќе се најде трајно решение за изборот на членовите на Советот на АВМУ и на Програмскиот совет на МРТ, и дополни дека МРТ треба да биде вистински јавен сервис и фокална точка, пред сè во смисла на продукцијата на квалитетна програма, и дека за тоа се клучни обезбедувањето доволно ресурси и независноста на јавниот сервис. ЦРМ препорачува Министерството за дигитална трансформација сите тие процеси да ги започне што е можно поскоро.

Мора да спомнеме дека во медиумската заедница постои сериозна претпазливост, знаејќи ги искуствата од претходниот период кога на власт беше ВМРО-ДПМНЕ, во времето кога претседател на партијата и на владата беше Никола Груевски, и обидите на еден или друг начин медиумите да се стават под контрола на владеачката партија.

Препораки

Нововоспоставеното Министерство за дигитална трансформација мора најитно да се позабави со прашањето на избор на новите состави на Советот на АВМУ и Програмскиот совет на МРТ. Секако ќе треба да се разгледа сегашното законско решение за избор на членови на двете тела и да се направат соодветни измени. Првенстено со замена на превисоко поставениот праг од двотретинско мнозинство, но и во системот на задолжителна поддршка од различни субјекти.

Во таа смисла, носителите на одлуки треба да го преземат својот дел од работата на потребните реформи во медиумскиот сектор, пред сè, од гледна точка на менување на постоечкото законодавство – ЗААВМУ и Законот за медиумите.

1. Иако емитувано на 8 јули 2024 година, по завршувањето на периодот на кој се однесува овој извештај, сметавме дека треба да биде спомнато во извештајот поради фактот дека во него Андоновски одговара на прашања поврзани со медиумскиот сектор, политики и законодавство. Интервјуто е достапно во целост на следниот линк

2. СОВЕТ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ), во 2-от квартал на 2024 година, покрај редовните активности, беше фокусирана на Претседателските и Парламентарните избори. Во тој период, АВМУ го следеше известувањето на медиумите во предизборниот период и за време на изборната кампања, и ги носеше потребните дополнувања и измени на Упатството за радиодифузерите за Претседателските и Парламентарните избори.

Од редовните активности, АВМУ и во овој период продолжи да се занимава со (не)плаќањето на годишните надоместоци за дозволите за емитување програма од страна на радиодифузерите и соодветните постапки, но и усвои два значајни подзаконски акти од корпусот на акти што треба да се усвојат по минатогодишните измени на ЗААВМУ заради усогласувањето со новата Директива за аудиовизуелни медиумски услуги на ЕУ.

АВМУ И ИЗБОРИТЕ 2024

Како и секоја изборна година, АВМУ и во 2024 година ревносно ги исполнуваше своите обврски поврзани со Претседателските и Парламентарните избори.

АВМУ го усвои соодветното Упатство за радиодифузерите за Претседателските и Парламентарните избори. Упатството нуди подетална разработка на одредбите од Изборниот закони што се однесуваат на платеното политичко рекламирање (распределбата на дополнителните 9 минути и 30 секунди рекламно време на секој реален час емитувана програма); распределбата на времето во вестите на јавниот радиодифузен сервис; бесплатното политичко претставување на Собранискиот канал; но и одредбите за пристапноста на содржините за изборниот процес и однесувањето на радиодифузерите за време на изборниот молк.

Агенцијата беше ажурна и во внесувањето на потребните измени и дополнувања на Упатството, соодветно на променливата ситуација на терен, односно, за да укаже на начинот на распределување на дозволеното дополнително време за платено политичко рекламирање и за известувањето во вестите на јавниот радиодифузен сервис по првиот круг на Претседателските избори, како и за распределување на времето за ППР за политичките партии застапени во Собранието но кои

немаат доволно пратеници за пратеничка група, како и за вон-парламентарните партии. Соодветни измени на Упатството, Советот на АВМУ усвои на својата 16-та седница[2] (на 15.04.2024 година), како и на 19-та седница[3] (25.04.2024 година).

Агенцијата вршеше и редовно следење и мониторинг на изборното медиумско претставување за Претседателските и Парламентарните избори 2024, како и на емитуваното платено политичко рекламирање. Извештаите од мониторингот (достапни на интернет страната на АВМУ) се одлично подготвени, детални и се добредојдени на нашата медиумска сцена која постојано се соочува со недостиг на квалитетни и организирани податоци и информации за различни аспекти на нејзиното функционирање.

Постојаниот мониторинг на изборното медиумско претставување и на емитуваното политичко рекламирање резултираше и со неколку прекршочни постапки што АВМУ ги поведе против два радиодифузери, за прекршување на неколку одредби од Изборниот законик што се однесуваат на изборното медиумско претставување.

Подзаконски акти

Во вториот квартал од 2024 година, Агенцијата продолжи со подготовката и усвојувањето на подзаконските акти, и измени и дополнувања на постоечките подзаконски акти, што произлегуваат од измените на ЗААВМУ во 2023 година за негово усогласување со ревидираната Директива за аудиовизуелни медиумски услуги на ЕУ.

На 26-та седница на Советот на АВМУ[4], одржана на 12.06.2024 година, Советот ги усвои Упатството за изменување и дополнување на Упатството за примена на одредбите за пласирање производи и Правилниот за пристапност до медиумските услуги. Се работи за одлични акти што детално ги разработуваат соодветните законски одредби. Двата правилници минаа низ соодветна процедура на јавни консултации, при што во двата случаи заинтересираните страни имаа на располагање 90 дена да дадат свои коментари или предлози за предложените нацрти.

Треба да се забележи дека за предложените акти не стигнале никакви коментари или предлози. Иако тоа може да се должи на квалитетот на документите, можеби АВМУ треба да стори повеќе за анимирање на засегнатите страни, на пример, со организирање на средба на која ќе ги претстави нацртите и ќе ги повика да дадат свои коментари или предлози.

2. Види го записникот на следниот **линк**
3. Види го записникот на следниот **линк**
4. Види го записникот на следниот **линк**

Во овој квартал, АВМУ го подготви и Нацрт-правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за емитување на европски аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти, повторно поради потребата постоечкиот Правилник да се усогласи со законските измени од 2023 година.

Извештаи, анализи

Во јуни 2024 година, АВМУ ја објави Анализата на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги[5]. Извештајот ги покрива економските аспекти на работењето на јавниот радиодифузен сервис и комерцијалните радиодифузери. Анализите на пазарот на АВМУ единствени нудат некакви систематизирани податоци за големината и капацитетите на еден сегмент од медиумскиот пазар во земјата.

АВМУ исто така објави го објави и извештајот „Сопственоста на медиумите во 2024 година“[6], кој нуди целосен и јасен увид на правните и физичките лица што ја имаат сопственоста над радиодифузните медиуми – радија и телевизии – што функционираат во Република Северна Македонија.

Од друга страна, АВМУ изгледа престана со праксата на објавување на редовни квартални извештаи за гледаноста на телевизиските станици и досегот на радиостаниците. Последниот таков извештај го покрива периодот април-јуни 2023 година. Пожелно е АВМУ да го обнови објавувањето на таквите извештаи, затоа што и тие нудат податоци и информации за еден значаен сегмент од функционирањето на медиумската сцена, особено од гледна точка на планирање на политики за развој на радиодифузната дејност и нивното спроведување.

Јавен состанок

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го одржа вториот јавен состанок на 27 јуни 2024 година[7]. Состанокот, покрај извештајот за спроведените активности од почетокот на 2024 година, беше посветен на прашањето на медиумската писменост. На состанокот беше претставен извештајот од Истражувањето на медиумската писменост кај ученици во прва и втора година средно образование[8], спроведено од агенцијата за испитување на јавното мислење Рејтинг а нарачано од Агенцијата.

5. Извештајот е достапен на следниот линк
6. Документот е достапен на следниот линк
7. Извештај од Вториот јавен состанок е достапен на следниот линк
8. Извештајот од Истражувањето е достапен на следниот линк

Прейораки

Со оглед на слабиот одзив на заинтересираните страни за давање коментари или мислења за предложените нацрти на подзаконски акти, Агенцијата би требало да ги засили напорите за промоција на таквите документи. Првенствено тоа може да го прави преку организирање на средби со засегнатите и заинтересираните субјекти на кои ќе им го претстави соодветниот документ.

Бидејќи се работи за драгоцени документи што нудат систематизирани податоци и информации за значајни аспекти од функционирањето на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, пожелно е Агенцијата да ја обнови праксата на објавување на редовни квартални извештаи за досегот на радиостаниците и уделот во гледаноста на телевизиите.

3. ПРОГРАМСКИ СОВЕТ НА МРТ

Извештаите за работата на Програмскиот совет неизбежно, скоро рутински, почнуваат со забелешката дека мандатот на сегашниот состав на Советот одамна е истечен (како и мандатот на Советот на АВМУ) и дека сегашниот Совет настапува во својство на вршител на должноста.

Не е извесно кога би можел да случи изборот на новите членови (според измените на ЗААВМУ од декември 2018 година, целиот процес требаше да заврши некаде во април 2019 година), особено ако се задржи сегашното решение за обезбедување на двотретинско мнозинство за нивни избор.

Во отсуство на двотретинско мнозинство (а овој состав на Собранието е исклучок и односите на силите вообичаено се многу побалансирани), решението за гласање со квалификувано, дво-третинско мнозинство за членовите на Програмскиот совет на МРТ (и Советот на АВМУ) се покажува непрактично, и тешко за спроведување. Иако се чини дека новото собраниско мнозинство, предводено од ВМРО-ДПМНЕ може лесно да обезбеди двотретинско мнозинство, тоа не гарантира отсуство на партиски влијанија и претворање на изборот во обезбедување на влијание врз јавниот радиодифузен сервис.

Оттаму, ЦРМ останува на својот првичен предлог (уште од времето кога се дискутираше за ова прашање пред промените на ЗААВМУ во 2018 година) изборот да се врши со апсолутно мнозинство, 60 + 1 од вкупниот број на пратеници во Собранието.

ЦРМ, исто така, останува на ставот дека Програмскиот совет треба да биде тело што ќе наликува на аналогните тела во Германија – поголемо тело, со повеќе членови во кое ќе бидат застапени повеќе различни групи во општеството.

Втора рутинска забелешка е дека Програмскиот совет продолжува, наспроти јасните упатства за јавност на седниците од член 12 од ЗААВМУ, седниците да ги одржува без најава и без присуство на јавноста. Во таква ситуација, дури и ако сметаме дека се прифатливи (а не се) ограничувањата од Деловникот за работа на Програмскиот совет – новинарите и јавноста пред одржувањето на седницата да се изјаснат за кои точки од дневниот ред се заинтересирани да ги следат – тоа не може да се оствари затоа што најавите и дневните редови не се објавуваат никаде.

Програмскиот совет на МРТ мора да ги искористи можностите што ги нудат новите технологии, не само за соодветна најава на своите седници на интернет страната на МРТ, туку и да обезбеди „стриминг“ во живо од седниците. Исто така,

би требало Програмскиот совет да добие посебна секција на интернет страната на МРТ, каде би се објавување најавите на седниците (со дневни редови), записниците и, доколку се обезбеди „стриминг“ услуга, и снимки од седниците.

МРТ и изборите

Јавниот радиодифузен сервис има посебна улога во обезбедувањето предизборно претставување на кандидатите и партиите што учествуваат на претседателските и парламентарните избори. Тоа се однесува и на посебните обврски за распределба на времето во информативните емисии (член 76-а, став 2 од Изборниот законик), и на обврските да обезбеди соодветно бесплатно политичко претставување на Собранискиот канал и на програмските сервиси МРТ1 и МРТ2.

МРТ ги усвои соодветните Правила за медиумско покривање на Претседателските и Парламентарните избори 2024 година[9], за сите програмски сервиси поединечно. Правилата соодветно ги обработуваат обврските на МРТ, со детални информации за начинот на кој јавниот радиодифузен сервис

Извештајот на АВМУ за изборното медиумско претставување на МРТ, укажуваат на одредени проблеми со постоечкото законодавство, од гледна точка на обврските на МРТ за структурата на вестите (30% за дневните настани од земјата и од светот; 30% за активностите на политичките партии на власт; 30% за активностите на опозициските партии; и преостанатите 10% за партиите што не се претставени во Собранието).

Прво, таквиот систем на распределба на времето во вестите е суштински нефер (нешто што граѓанските организации го говорат подолго време) затоа што ги става во длабоко подредена позиција вон-парламентарните партии, а особено новите политички субјекти. На тој начин, сегашното законодавство ги фаворизира веќе етаблираните партии и практично спречува појава или поголем успех на новоформирани политички партии или движења.

Второ, што Извештајот на АВМУ го забележува кај МРТ, е што во случај на нееднаков број на субјекти, таквото формално балансирано известување води кон суштински небалансирано известување. На пример, во кампањата за вториот круг од Претседателските избори која се совпаѓаше со кампањата за Парламентарните избори, во 30% од вестите за власта, требаше да се покријат еден претседателски кандидат и две коалиции предводени од партии што беа во владината коалиција, додека 30% за опозицијата покриваа еден претседателски кандидат и четири политички субјекти, партии и коалиции, што беа во опозиција пред изборите.

9. Иако Правилата беа усвоени на време, во февруари 2024 година, поради спомнатата непрегледност на интернет страната на МРТ и недостигот на соодветна промоција на Правилата во јавноста, невозможно е да ги забележите доколку не знаете точно што барате.

Трето, Изборниот законик не нуди никакви инструкции или упатства како да се оствари балансирано информирање и медиумско претставување доколку организаторите на изборни кампањи се одлучат за поинаков приод кон кампањата, или одбијат да учествуваат во некои од специјализираните програмски содржини наменети токму за изборно претставување. Таков беше примерот со одбивањето на кандидатот Стево Пендаровски да учествува во изборна дебата, но и неприфаќањето на поканата за предизборно интервју, што директно резултира со небалансирано информирање, без вина на МРТ.

Програмскиот совет посвети две седници на извештаите на АВМУ (251-ва[10] и 252-ра[11] седница). На 252-та седница, Програмскиот совет ја разгледуваше Информацијата за влијанието на Изборниот законик и другите правни прописи врз обврските, стандардите и начелата на работењето на ЈРП МРТ. Информацијата ја претстави во воведното излагање членот на Советот Ристе Панов. Панов, во своето излагање, заклучува дека сегашните одредби од Изборниот законик со кои се регулира распределувањето на времето во вестите во време на изборна кампања резултира со суштински дисбаланс во известувањето, и го нотира и заклучокот на АВМУ дека постои повеќекратно ограничување на новинарските слободи и дека тие одредби се во спротивност со членовите 110 и 111 од ЗААВМУ (се однесуваат на начелата и стандардите во работата на МРТ).

Програмскиот совет на МРТ, поради тоа, укажува дека се потребни измени на Изборниот законик, со бришење на спорниот став 2 од член 76-а, и бришење или скратување на роковите од став 12 од тој член (наместо од денот на распишување на изборите да стои од денот на почетокот на изборната кампања). Програмскиот совет смета дека предложените измени ќе овозможат МРТ преку саморегулација да ја регулира балансираноста и застапеноста на политичките субјекти во изборниот процес (во согласност со стандардите и начелата од членовите 110 и 111. До моментов на пишување на овој извештај, не е познато дали заклучоците на Програмскиот совет се преточени во официјален предлог што би бил доставен до надлежните носители на одлуки.

10. Види го записникот на следниот линк
11. Види го записникот на следниот линк

Обвинувања за пристрасност

Во овој период, пред и за време на изборната кампања, МРТ се соочи со две непријатни обвинувања за пристрасност во медиумското претставување.

Непосредно пред изборите, јавниот сервис беше цел на обвинувања за нарачани, креирани и наместени истражувања на јавното мислење со цел да се влијае врз јавноста и гласачите во корист на опозиционата партија ВМРО-ДПМНЕ. Новинарот Фуркан Салиу, на интернет страната „Порталикс“, објави дека опозициската партија, во „оперативен план за ширење на лажни вести“ предвидела креирање на телевизиска емисија што ќе се емитува два пати неделно на МРТ, за анализа на анкети што ги подготвува Институтот за политички истражувања (ИПИС)[12] со дефиниран состав на гости со доминација на претставници на опозицијата. Директен повод за таквите обвинувања беше емисијата „Објектив“, во која пред изборите беа анализирани резултати од истражувањата на јавното мислење поврзани со изборите.

Другите актери спомнати во обвинувањата, ИПИС и ВМРО-ДПМНЕ ги негираа наводите и најавија соодветни тужби и правосудна разврска[13]. Во јавноста се огласи Уредувачкиот колегиум на МРТ, кој посочи дека „Јавниот сервис својата програмска содржина ја конципира според правилата кои претставуваат операционализација на обврските што ги има согласно ЗААВМУ, Законот за медиуми и Етичкиот кодекс“. Дополнително, реакцијата посочува дека во емисијата „Објектив“ се презентираат испитувања на јавното мислење за актуални политичко-економски прашања и за рејтингот на политичките партии. Уредувачкиот колегиум нагласува дека во истражувањето „се вклучени две реномирани агенции (факт кој не се спомнува во нападите кон нас[14]) чии сопственици се Петар Арсовски и Владимир Божиновски“. Колегиумот додава дека МРТ секогаш се води според основните професионални стандарди и етички начела и ги отфрла сите неосновани напади за професионалната и објективното известување.

По серијата обвинувања и контраобвинувања, емисијата „Објектив“ продолжи со презентирање на резултатите од истражувањата на јавното мислење, но со зголемен број на аналитичари и соговорници, како одговор на обвинувањата за неизбалансиран сооднос – тројца гости од опозицијата и еден од власта.

12. Институтот за политички истражувања во јавноста е перципиран како близок до ВРМО-ДПМНЕ.
13. До моментов на пишување на овој извештај нема информации дали ВМРО-ДПМНЕ и ИПИС побарале судска заштита за својата репутација.
14. Петар Арсовски веднаш демантираше дека неговата агенција „Креатиф“ е вклучена во истражувањата, со објаснение дека неговиот ангажман се однесува само на анализа на податоците и наодите од анкетите на ИПИС. Види на следниот линк

Втората непријатна ситуација настана откако кандидатот Стево Пендаровски не се појави на ТВ дебата организирана од МРТ на 2 мај 2024 година, со јавни обвинувања дека против-кандидатката Гордана Силјановска-Давкова сама си договорила дебата во која таа „дебатира самата со себе и, како што велат, празно столче од другата страна“. Пендаровски нагласи во изјава за јавноста дека договор за термин за дебата немало, на што од МРТ одговорија дека на кандидатите им понудиле три можни термини, и до последен момент чекале да добијат потврда од тимот на Пендаровски.

Од јавниот сервис додадоа дека наместо планираната дебата, која се претвори во интервју со Силјановска-Давкова, понудиле и одделни интервјуа со двајцата кандидати, што исто така не било прифатено од тимот на Пендаровски.

Прашањето за кандидатските дебати што се пренесуваат на телевизија кај нас постојано произведува слични ситуации – покани, прифаќања или одбивања, празни столчиња во студиото – и тоа е стана дел од „фолклорот“ на нашата политичка сцена. Иако тоа не е тема на овој мониторинг, би предложиле преразгледување на начинот на кој кај нас се третира прашањето на предизборните дебати и негово усогласување со практиките во светот. Имено, кандидатските дебати што се пренесуваат и на телевизија не ги организираат радиодифузерите, туку за тоа се основаат натпартиски тела, со претставници на сите субјекти што учествуваат на изборите, и се прави договор дали ќе има дебати, колку дебати ќе има, за кои теми ќе дебатираат кандидатите и, во крајна линија, на кои ТВ станици ќе им се понуди да ги пренесуваат. Таква е, на пример, праксата и во САД, земјата од која и потекнува практиката на организирање кандидатски дебати што се пренесуваат на телевизија.

Извештаи и подзаконски акти

Во периодот покриен со овој извештај, Програмскиот совет го усвои и Извештајот за финансиското работење на ЈРП МРТ за периодот од 01.012024 – 31.03.2024 година (прв квартал)[15].

Поврзано со финансиското работење на МРТ, иако на друга седница[16], Програмскиот совет го усвои заклучокот предложен од членот на Советот Илир Рамадани, со кој се бара од директорот на МРТ да достави информација за финансиската состојба на ЈРП МРТ, односно дали Министерството за финансии ги префрла средствата предвидени со ЗААВМУ, но и состојбата со долговите на МРТ и дали јавното претпријатие навреме ги плаќа своите обврски по основ склучени договори за програма.

15. Види во Записник од 249-та седница, достапен на следниот линк
16. Види во Записник од 253-та седница, достапен на следниот линк

Проблемот со исплатата на целосните износи на средствата од Буџетот на РСМ предвидени за финансирање на МРТ (но и на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и ЈП „Македонска Радиодифузија“) останува нерешен. Освен што средствата се неадекватни и недоволни за финансирање на јавниот радиодифузен сервис и сите негови програмски сервиси, тие досега никогаш не биле исплатени во целост, што секако се одразува на способноста на МРТ да ги врши сите функции од својата јавна мисија – да информира, забавува и образува.

На 253-та седница Програмскиот совет го разгледа и усвои и Ценовникот за технички услуги на Македонската телевизија[17].

Препораки

Програмскиот совет на МРТ треба (ова постојано го повторуваме) да поработи на воведување на повеќе јавност во својата работа, во согласност со законските обврски. Треба да ги користи можностите што ги нудат новите технологии, и постоечките капацитети на јавниот радиодифузен сервис, за навремено известување на јавноста за закажаните седници и дневните редови, за да можат заинтересираните граѓани да присуствуваат и да ја следат неговата работа. Во таа смисла, препорачуваме реорганизација на интернет страната на МРТ, со додавање на посебна секција што ќе биде посветена на Програмскиот совет, со најави на седниците, објавени дневни редови и записници, како и усвоените документи. Исто така, Програмскиот совет би требало да овозможи следење на седниците во живо, преку интернет, со помош на некоја од достапните платформи за споделување на видео-содржини.

Програмскиот совет, исто така, треба да се погрижи започнатите иницијативи, како што е иницијативата за менување на Изборниот законик, односно одредбите што се однесуваат на известувањето на МРТ во изборните кампањи, да поминат низ соодветните канали и да стигнат до компетентните институции што се надлежни за нивно менување (министерства или до Собранието).

15. Ценовникот е достапен на следниот линк

EUROPEAN ENDOWMENT FOR DEMOCRACY

ЦЕНТАР за РАЗВОЈ на МЕДИУМИ



Септември 2024 | Скопје